# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА РОМСКАТА СОВЕТОДАВНА ГРУПА НА ГРАЃАНИ (Р С Г Г) ОД КРАТОВО ЗА 2009 г.

**Септември 2008**

## Визија на РСГГ:

"Кратово да биде заедница каде Ромите интегрирани и рамноправни, активно придонесуваат во развојот на градот"

## Мисија:

Ромска Советодавна Група на Граѓани (Р С Г Г) е репрезентативна и оперативна група и ги застапува интересите на Ромската заедница пред локалната администрација и институции и има улога на активен фактор за социјална инклузија на Ромите.

## Области на делување:

- **Редовна комуникација со граѓаните Роми**
- **Идентификација и иницијативи за решавање на локалните проблеми на Ромската заедница**
- **Презентирање и застапување на интересите на Ромската заедница во Кратово**

## Приоритети за 2009 г.:

***Подобрување на образованието на Ромите***

1. На иницијатива на РСГГ во 2009 година Општина Кратово во соработка со О.У. Кочо Рацин да издејствува, училиштето да добие лиценца за вонредно дооформување на основното образование.

***Промоција на Ромската култура во Кратово и околината***

2. Да се одбележи светскиот ден на Ромите 8 ми Април во Општина Кратово.

***Промоција на спортот како можност за личен развој и социјална инклузија на младите Роми***

3. Да се обезбеди редовна финансиска поддршка на годишно ниво за афирмација на Ромскиот аматерски фудбал во Кратово.

## ПРОБЛЕМИ И ПОТРЕБИ

Во 2008 година, РСГГ од Кратово најголем приоритет му дава на проблемот од областа на образованието на Ромите:
**Околу 50 полнолетни Роми немаат завршено основно образование.**

Во областа на промоцијата на Ромската култура како дел од националното културно богатство на Македонија и како еден од предусловите за надминување на предрасудите кон Ромите, РСГГ од Кратово ја лоцираше потребата од:
**Одбележување на светскиот ден на Ромите 8 Април во Општина Кратово.**

Спортот нуди можности за организирано поминување на слободното време кај младите Роми. Во оваа област РСГГ на Кратово смета дека постои реална потреба од:
**Обезбедување на финансиска поддршка од 30.000 денари од буџетот на општината за афирмација на Ромскиот аматерски фудбал во Кратово.**

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ ПО ОБЛАСТИ

***Подобрување на образованието на Ромите***

**Цел 1**. Најмалку 20% од вкупно 50 полнолетни Роми кои немаат завршено основно образование да започнат со вонредно основно образование во текот на 2009 г.

**Задача:** На иницијатива на РСГГ во 2009 година Општина Кратово во соработка со О.У. Кочо Рацин да издејствува, училиштето да добие лиценца за вонредно дооформување на основното образование.

***Промоција на Ромската култура во Кратово и околината***

**Цел 2**. Да се одбележи светскиот ден на Ромите 8 ми Април во Општина Кратово.

**Задача:** Одбележувањето на Светскиот ден на Ромите, 8 ми Април, да влезе во програмата годишната програма на Општина Кратово за 2009 година.

***Промоција на спортот како можност за личен развој и социјална инклузија на младите Роми***

**Цел 3**. Да се обезбеди редовна финансиска поддршка на годишно ниво за афирмација на Ромскиот аматерски фудбал во Кратово.

**Задача:** Обезбедување на 30.000 денари за заживување на Ромски младински амтерски фудбалски тим во Кратово во 2009 г.

**АКТИВНОСТИ**

РСГГ во 2009 ќе работи на Подобрување на образованието на Ромите така што ќе:

- Иницира креирање на дата база за евидентирање на точен број,пол,возраст, и степен на образование на полнолетни Роми кои немаат завршено основно образование.
- Организира информативна средба со претставници од училиштето и Општината.
- Лобира кај Советот на Општина Кратово за предлогот да влезе во годишната програма за 2009 година.

Одбележувањето на Светскиот ден на Ромите, 8 ми Април, ќе влезе во програмата годишната програма на Општина Кратово за 2009 година преку следниве активности:

- Средба со Градоначалникот и претседателот на Советот на Општина Кратово,
- Доставување на барање до Советот на Општината и
- Доставување на Програма за одбележување на светскиот ден на Ромите 8 ми Април.

За да го промовира  спортот односно фудбалот како можност за личен развој и социјална инклузија на младите Роми во кратово РСГГ ќе:

- Организираинформативна средба со претставници од ФФМ - Кратово заради обезбедување на поддршка и финансиски средства за регистрирање на Ромски фудбалски тим.
- Поднесе барање до Советот на Општина Кратово / Комисија за Спорт за доделување на финансиска поддршка за афирмација на младите Роми.
- Лобира кај Градоначалникот и Советот на Општина Кратово.

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ПО ОБЛАСТИ**

***Подобрување на образованието на Ромите***

- Изготвена дата база за евидентирање на точен број,пол,возраст, и степен на образование на полнолетни Роми кои немаат завршено основно образование.
- Организирани состаноци,
- Информирани институции и добиена поддршка.
- Убедени најмалку 7 советници од Општината да гласаат ЗА.

***Промоција на Ромската култура во Кратово и околината***

- Одржана средба со Градоначалникот и претседателот на Советот на Општина Кратово.
- Одобрена на програмата од страна на Советот на Општината
- Реализирана програмата за одбележување на светскиот ден на Ромите 8 ми Април.
- Промовирана Ромската култура и обичаи со што ќе се намалат предрасудите и стереотипите спрема Ромите

***<u>Промоција на спортот како можност за личен развој и социјална инклузија на младите Роми</u>***

- Одржан состанок со претставници од ФФМ Кратово,презентирани досегашните резултати и поднесено и архивирано барање.
- Добиена поддршка ФФМ Кратово
- Добиена подршка од Градоначалникот и најмалку 7 Советници.
- Обезбедни 30.000 денари
- Регистриран Ромски фудбалски тим

## Календар на активности на РСГГ од Кратово за 2009 г.

| | месеци | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | јануари | февруар | март | април | мај | јуни | јули | август | септември | октомври | ноември | декември |
| Редовни месечни состаноци на РСГГ | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Информативни состаноци со локалната самоуправа | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Редовни информативни состаноци со Агенцијата за вработување | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Редовни информативни состаноци со Училиштето Кочо Рацин | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Информативни состаноци со локални медиуми | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Состаноци со Ромската заедница | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Анкета за утврдување на бројот на Полнолетни Роми со незавршено основно образование во Кратово | | | | X | | | | | | | | |
| Формирање на дата банка за евиденција на Полнолетни Роми со незавршено основно образование во Кратово | | | | | X | | | | | | | |
| Доставување на барање до Советот на Општината и Доставување на Програма за одбележување на светскиот ден на Ромите 8 ми Април. | | X | X | | | | | | | | | |
| Координација на прославата за одбележување на светскиот ден на Ромите 8 ми Април. | | | | X | X | | | | | | | |
| Состаноци со претставници од ФФМ Кратово | | | X | X | | | | X | | | | |
| Доставување на барање до Советот на Општината за финансиска поддршка за формирање на Ромски аматерски фудбалски клуб. | | | X | X | | | | | | | | |
| Регистрирање и започнување со работа на фудбалскиот тим | | | | | | X | | | | | | |
| Подготовка на програма за работа на РСГГза 2010 г. | | | | | | | | | X | | | |
| Евалуација на програмата за 2009 г | | | | | | | | | | | | X |